# Дескриптори на високообразовните квалификации на студиската програма на докторски студии од 3 циклус по ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје

**<u>Назив на квалификацијата: Доктор на науки (од областа на ветеринарна медицина) од трет циклус студии</u>**

**3 години, 6 семестри, 180 ЕКТС-кредити**

## Општи дескриптори

| Тип на дескриптори | Циклус на студии | Дескриптори на квалификациите |
|---|---|---|
| Знаење и разбирање | 3 циклус | 1. Покажува темелни познавања на полето на ветеринарната медицина и совршено познавање и разбирање на научно-истражувачките методи и вештини во рамките на својата потесна област, согласно со највисоките меѓународни стандарди. |
| Примена на знаењето и разбирањето | 3 циклус | 1. Покажува способност да креира, да адаптира или да толкува оригинално научно истражување.<br>2. Има направено придонес во проширувањето на знаењата во рамките на својата потесна област или на ветеринарната медицина во целина, на национално или меѓународно ниво, преку соригинални истражувања вреднувани на ниво на национални и интернационални рецензирани публикации. |
| Способност за проценка | 3 циклус | 1. Покажува способност и компетентност за критичка анализа, оценување и проценка на нови и сложени идеи, кои се предмет на научно истражување.<br>2. Покажува способност за самостојно иницирање и учество во разни национални и меѓународни активности од научен и стручен карактер<br>3. Покажува способност за независно иницирање и водење на истражувачки и развојни проекти, со цел стекнување нови знаења, искуства и вештини за развој на ветеринарната медицина. |
| Комуникациски вештини | 3 циклус | 1. Покажува способност да комуницира со своите колеги на сите нивоа на стручност, со поширoката академска заедница и со општеството во целина во рамките на својата област на експертиза, водејќи сметка за личната и за професионалната етика. |
| Вештини на учење | 3 циклус | 1. Покажува способност преку својата научно-истражувачка работа постојано да го |

| | | |
|---|---|---|
| | | проширува својот опсег на знаења и тие знаења квалитетно да ги пренесува на помладиот научно-стручен кадар, со што се промовира себеси на академско и на професионално ниво и придонесува во напредокот на ветеринарната медицина, а со тоа и на општеството како целина. |

**Специфични дескриптори**

| Тип на дескриптори | Циклус на студии | Дескриптори на квалификациите |
|---|---|---|
| Знаење и разбирање | 3 циклус | 1. Покажува систематско разбирање на областа на ветеринарната медицина во целина, како и темелни и опширни познавања на својата потесна област, и совршено познавање на сите релеванти лабораториски, теренски и други истражувачки методи и вештини, во согласност со највисоките меѓународни стандарди. |
| Примена на знаењето и разбирањето | 3 циклус | 1. Покажува способност за самостојно дизајнирање или адаптирање на соодветна научна методологија за креирање на релевантни научни сознанија по експериментален пат, како и за соодветно толкување и применување на истите.<br>2. Има направено придонес преку оригинални истражувања со што се прошируваат постојните сознанија во соодветната научна област, а тие нови сознанија се вреднувани на ниво на национални и интернационални рецензирани публикации. |
| Способност за проценка | 3 циклус | 1. Покажува способност за критичка анализа, оценување и синтеза на нови научни идеи што доаѓаат од различни извори, а исто така и компетенција за проценка на нивната валидност и релевантност.<br>2. Покажува способност за самостојно иницирање, организирање и учество на национални и меѓународни настани со научен и стручен интегритет (меѓународни истражувачки мрежи, работилници, научно-стручни собири: симпозиуми, конференции, конгреси итн.).<br>3. Покажува способност за самостојно дизајнирање, организирање и спроведување на истражувачки и развојни проекти од национален и од меѓународен карактер, како и за учествување во истите како партнер, со што се генерираат нови знаења и вештини за развојот на ветеринарната медицина. |
| Комуникациски вештини | 3 циклус | 1. Покажува способност за комуникација со своите колеги од сите нивоа, со пошироката академска заедница и со општеството во целина во рамките на својата област на компетентност. |

| | | |
|---|---|---|
| Вештини на учење | 3 циклус | 1. Покажува способност знаењата стекнати со својата научна работа квалитетно да ги пренесува во академски и во професионални рамки, со што се креира нов квалификуван стручен кадар од полето на ветеринарната медицина. |



*Адреса*: Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје, Р. Македонија
*Address*: Lazar Pop-Trajkov 5-7, 1000 Skopje, R. Macedonia
*Tel*: +389 2 3240 700
*Fax*: +389 2 3114 619
*E-mail*: fvms@fvm.ukim.edu.mk
*Web*: http://www.fvm.ukim.edu.mk